www.zito.com.mk info@zito.com.mk

ДПТУ„ЖИТО“ извоз-увоз ДООЕЛ-Велес
Благој Ѓорев 166, 1400 Велес, Р. Македонија
Жиро с-ка: 300270000012487 - Комерцијална Банка
200000006875837 - Стопанска Банка
IBAN: MK07300701000451308 SWIFT: KOBSMK2X
ЕДБ: МК 4004991103546
Тел/Факс: +389 43 226-990; +389 43 230-552

# ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Права на субјектот на лични податоци**

**Идентитет и контакт на податоците на Контролорот:**

Назив: ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес

Седиште: Ул. Благој Ѓорев бр.166

e-mail: zito@zito.com.mk

**Контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци:**

Име и презиме:Дијана Трчковски

Тел.број:

e-mail:dijanatrchkovska@zito.com.mk

**Нашата визија за заштита на личните податоци**

ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес, посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во целокупното своето работење, имплементирајќи ги стандардите поставени со прописите за приватност и заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, кои се подетално разработени во интерните Политики и процедури кои го сочинуваат системот на заштита на лични податоци на ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес,

Политиката за приватност е објавена на нашата интернет страна: www.zito.com.mk

Притоа, Ве покануваме да ја прегледате политиката за заштита на лични податоци секогаш кога ќе ја посетувате нашата веб страница со цел да ги дознаете најновите промени, кои се однесуваат на користење на вашите лични податоци.

**Цели и правен основ за обработка на Вашите лични податоци**

Права на корисниците Корисниците-субјекти на лични податоци имаат право:

- да бидат информирани за обработката на нивните лични податоци
- да пристапат до нивните лични податоци и да ги дополнат, изменат, избришат или да бараат запирање на користењето на нивните лични податоци

Во продолжение, следува подетално појаснување во однос на овие права:

- Во функција на транспарентност, ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес презема обврска да го извести корисникот за целите и правната основа на обработката на неговите личниподатоци.
- Секој корисник има право да пристапи до своите лични податоци.

Барањето за пристап до податоците се доставува во писмена форма во некој од Маркетите на ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес или може да се поднесе електронски на наведената е-маил адреса на офицерот за заштита на лични податоци.

ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес е должен да одговори на корисникот во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, при што нема обврска повторно да одговори на исто или слично негово барање, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале 6 (шест) месеци од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање.

Доколку корисникот не добие одговор на барањето за пристап до лични податоци, може да поднесе барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци.

Личните податоци, доброволно поднесени од нашите посетители: Име, презиме, поштенска адреса, контакт телефонски број и електронска адреса, се прибираат и употребуваат со цел да се исполнат Вашите барања за: претплата, коментар, лојал клуб картичка или информација.

**Корисникот има право да бара дополнување, изменување, бришење или запирање на користењето на неговите лични податоци.**

По барање на корисникот, ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес е должен да ги дополни, измени, избрише или да го запре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност созакон. Независно од тоа дали корисникот има поднесено барање за дополнување, изменување или бришење на личните податоци, доколку ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, должен е истите да ги дополни, измени или избрише. ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес е должен најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, писмено да го извести субјектот на лични податоци за направените дополнувања, измени или бришења

**Рокови на чување на Вашите лични податоци**

Податоците кои се обработуваат од страна на ДПТУ ЖИТО ДООЕЛ Велес за цели на остварување на вашите права ќе се чуваат согласно законските рокови, а податоците кои се обработуваат согласно дадена согласност ќе се чуваат се до повлекување на Вашата согласност за нивна обработка за наведената цел.

**Кои се Вашите права?**

Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право напристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост),**упатете барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци:** dijanatrchkovska@zito.com.mk

Доколку сметате дека е повредено некое ваше право за заштита на личните податоци, имате право да

поднесете барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

Вашите лични податоци се безбедно сочувани од губење, уништување, фалсификување и неавторизиран пристап. Единствено авторизирани вработени имаат пристап кон овие информации.

Преносот на личните податоци е заштитен со соодветни методи, така што истите нема да бидат читливи при преносот и заштитени соодветно на ризикот и природата на податоците кои се пренесуваат.

Заради спречување на неовластен пристап и злоупотреба на личните податоци, ќе се преземат сите потребни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци.

COOKIES/ТЕХНОЛОГИЈА НА СЛЕДЕЊЕ

Оваа веб страница може да употребува колачиња (cookies) и технологија на следење во зависност од понудените форми. Cookies и технологијата на следење се корисни за прибирање на информации како што се тип на пребарувач и оперативен систем, следење на број на посетители на веб страницата и употреба на веб страницата од страна на посетителите. Cookies исто така придонесуваат кон подобрување на веб страницата и нејзино прилагодување кон потребите на посетителите. Личните податоци не можат да се прибираат преку Cookies.